О П Ш Т И Н А  Д Е Л Ч Е В О

ул:,,Светозар Марковиќ,, бр. 1, Делчево
тел: **033/411-550** факс: **033/411 550**
**e-mail: info@delcevo.gov.mk**
**www.delcevo.gov.mk**

# Родова анализа на Програмата за социјална заштита на Општина Делчево за 2021 година

## I. Појдовна основа на Програмата за социјална заштита на Општина Делчево за 2021 г

Остварувањето на социјалната заштита во Општина Делчево се заснова пред се на Законот за социјалната заштита; Законот за заштита на децата; Законот за семејство; Националната програма за развој на социјална заштита во РСМ; Програмата за развој на заштитата на децата во РСМ и други закони и подзаконски акти кои се однесуваат на социјалната, детската и здравствената заштита во Република Македонија, како и надлежностите дадени на општините со Законот за локалната самоуправа и Статутот на Општината Делчево, каде се уредени правата на граѓаните од областа на социјалната, детската и здравствената заштита.

Оваа Програма поблиску ги уредува подрачјата на социјална заштита, специфичните потреби на населението на Општина Делчево и начинот на остварувањето на правото на социјалната заштита.

Програмата го има во предвид самиот процес на децентрализација неговата специфичност и сложеност и функциите кои постапно се пренесуваат од централно на локално ниво.

Социјалната заштита во Општина Делчево ќе се реализира во согласност со расположливите финансиски средства.

Програмата предвидува соработка со надлежниот Центар за социјална работа, односно со Министерството за труд и социјална политика , приватниот сектор , невладините организации и секако со Советот за социјална заштита на Општина Делчево и Советот за социјална заштита на планскиот регион.

## *II. Општи карактеристики на Општина Делчево*

### МЕСТОПОЛОЖБА

Општина Делчево се наоѓа во крајниот североисточен дел на Република Северна Македонија, во подножјето на планината Голак (Чавка -1524м), непосредно до бугарската граница на оддалеченост од само 10км. На исток е заградена со планината Влаина, на север со Осоговските и на југ со Малешевските планини. Сместена е во котлината Пијанец и распослана по горниот тек на реката Брегалница. Општината со нејзината поширока околина се протега на

следните координати: 41º 58’ северна географска ширина и 22º 46’ источна географска должина, на надморска височина од 630 метри. Климата е умерено - континентална.

Општина Делчево на југ се граничи со општините Пехчево и Берово, на запад со општината Виница, на северозапад со општината Македонска Каменица, а на исток и североисток со Република Бугарија. Општината претставува важна алка на источномакедонската магистрала, која ги поврзува сите поголеми населби во овој дел на земјата, а понатаму и со делови од територијата на соседна Бугарија. Практично, Делчево лежи на еден многу важен крстопат преку кој во напоредннчки правец води најкусата врска меѓу долината на реката Вардар од една, и долината на реката Струма од друга страна.

Административно гледано, градот Делчево е седиште на општината Делчево која има уште 21 населено место.

## НАСЕЛЕНИЕ

Според Пописот во 2002 година во општина Делчево живеат 17.505 жители, од кои 11.536 или 66% во општинскиот центар, т.е. градот Делчево. Просечната густина на населеност е 42,5 жители/км2, што е под просекот на Република Македонија од 78,8 жители/км2.

### Вкупно население во општина Делчево според половата структура е 51% мажи и 49% жени.

Вкупно население во општина Делчево според образовна структура:




Извор: Државен Завод за Статистика, Попис 2002

Стапката на писменост изнесува 96,9%.

Вкупно население во општина Делчево според национална припадност:




Извор: Државен Завод за Статистика, Попис 2002

Повеќе од 80% од вкупното население во општина Делчево е градско. Старосната структура на населението во општина Делчево се карактеризира со значителни промени во насока на намалување на учеството на младите и значителен пораст на уделот на повозрасното население. Интензивниот процес на демографско стареење го потврдуваат показателите за рангот на демографска старост. Работоспособното население се намалува и е поинтензивно кај возрасните групи над 40 годишна возраст. Тоа инплицира на неповолна старосна структура на работоспособното население, како демографска рамка од која се регрутира работната сила.
Со оглед на тоа се претпоставува дека старото население е во постојан пораст над бројот на младата популација, заради трендот на иселувањето и привременото емигрирање којшто е генерален проблем со кој се среќава целата нашата држава.

Познато е дека пописот на населението во РМакедонија не беше успешно спроведен при крајот на 2011 година и овие податоци неможат да ја покажат реалната состојба во општината. Се очекуваат нови податоци од пописот 2021 година.

## III. Главните идентификувани проблеми на краток, среден рок и на долг рок

Во општина Делчево, во согласност со остварената консултација, направивме родово буџетска анализа на Програмата за социјална заштита на Општина Делчево за 2021 година со акцент на маргинилизирани заедници и со цел давање на препораки за унапредување на програмите и помош на Одделението за јавни дејности при креирањето на нивните програми за следната година при што разгледавме:

- Колку жени и колку мажи имале бенефит од реализацијата на програмата за 2021 година,
- Колку жени и колку мажи биле директно вклучени во реализацијата на Програмата за социјална заштита за 2021 година,
- Колку средства се одвојуваат за секоја активност, од каде и за кого,
- Вклученост на Комисијата за еднакви можности при креирање на активностите од Програмата за социјална заштита имајќи предвид дека општината има Стратегија за родова рамноправност 2020-2022 и Акциски план за реализација на Стратегијата.

Дополнително, ги  разгледавме и следните документи:

- Социјалниот план на Општина Делчево за 2021/22 година, бр.08-2063/1 од 15.12.2020 година,
- Локалниот Акционен план за социјална заштита 2019-2021,
- Правилникот за утврдување на критериумите, условите и постапката за доделување на еднократна парична помош бр.09-334/1 од 23.02.2018 година,
- Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување на критериумите, условите и постапката за доделување на еднократна парична помош бр.09-1273/1 од 30.07.2020 година,
- Правилникот за начинот , условите, кретириумите и постапката за доделување на награди и признанија на Општина Делчево бр.09-166/1 од 30.01.2018 година,
- Правилникот за условите, начинот и постапката за доделување на финансиска помош на спортски клубови, спортски здруженија, правни лица во областа на спортот и здруженија на граѓани 09-333/1 од 23.02.2018 година,
- Годишен извештај за реализираната програмата за остварување на  социјална заштита на општина Делчево за 2020 година
- Одлука за доделување на стипендии на одлични ученици во СОУ „М.М.Брицо„ Делчево, бр.09-1723/1 од 27.10.2020 („Сл.гласник на Општина Делчево„ 17/20),
- Одлука за доделување на стипендии на ученици во СОУ М.М.Брицо Делчево кои постигнале особено висок успех во учењето, бр.09-1724/1 од 27.10.2020(„Сл.гласник на Општина Делчево„ 17/20),
- Одлука за доделување на стипендии на ученици прогласени за пвенци на генерацијата во општинските училишта, бр.09-948/1 од 27.05.2021 („Сл.гласник на Општина Делчево„ бр.6,21),
- Одлуката за доделување на стипендии за студенти  кои студираат на државните универзитети во Република Северна Македонија бр.09-2225/1 од 15.11.2021 година,

Општината Делчево претендира при донесувањето на буџетот да го вгради родово одговорниот аспект, и во таа насока општината има донесено Стратегија за родова рамноправност 2020-2022 и Акциски план за нејзино спроведување. **Сепак, *во насока на целосно имплементирање на родовиот концепт  потребни се  дополнителни обуки на административните кадри и општинските советници по однос на родовото прашање, континуиран системски пристап за собирање на податоци на локално ниво кои ќе претставуваат база за изработка на понатамошни извештаи со цел воведување на целосно родово одговорно буџетирање, зголемување на  буџетските средства предвидени и наменети за програми и активности со кои би се постигнала родовата рамноправност.***

## IV.МЕТОДОЛОГИЈА

### Краток опис на користената методологија на истражување и буџетска анализа од родова перспектива

Методолошкиот пристап  за имплементација на проектните активности ги одредуваат клучните активности кои е потребно да бидат спроведени во наредниот период и тоа како што следува:

А. Канцелариско истражување:

- Преглед на законските и подзаконските акти и стратешки документи на национално ниво кои предвидуваат обврски за единиците на локална самоуправа;
- Преглед на интерни акти и стратешки документи, политики и процедури за родова еднаквост и родово одговорно буџетирање донесени од страна на општината;
- Длабинска родово буџетска анализа на избраната програма
- Изработка на нацрт родово буџетски анализи во кои ќе бидат детектирани состојбите со родовата еднаквост и конципирани препораки за подобрување на степенот на вклучување на родовата перспектива во планирањето и буџетирањето на избраните програми

Б. Теренско истражување

- Во рамките на теренското истражување ќе се организираат средби/интервјуа со:
    - Контакт лицата номинирани од општините
    - Координатор/ките на комисиите за еднакви можности
    - Раководители на сектори/одделенија
    - Интерсекторската група
    - Советници
    - Членови на Советот за социјална заштита на Општина Делчево
    - Членови на НВО

## V.Институционален контекст и рамка на јавни политики

Еднаквите можности на жените и мажите во Република Македонија се регулирани со Уставот и Законот за еднакви можности меѓу мажите и жените со кој се промовираат и унапредуваат еднаквите можности на жените и мажите. Во 2012 година е донесена Стратегијата на владата за родово одговорно буџетирање (2012-2017), и во 2013 година Стратегија за родова еднаквост 2013-2020. Во тек е постапка за донесување на Национална стратегија за родова еднаквост 2021-2026 година. Со овие документи се налага вршење на родово заснована анализа на локално ниво како предуслов при креирањето на политиките и буџетите соодветни на потребите на жените и мажите. Поврзувањето на прашањето на родова еднаквост и вклученоста на родовите перспективи во локалните политики за социјална заштита претставува многу важен сегмент во остварувањето на различните права и потреби на жените и мажите и обезбедувањето на квалитет на живеење. Во таа насока, постигнувањето на родова рамноправност и справувањето со родовите нееднаквости во локалните заедници честопати значи да се препознаат различните потреби и приоритети на мажите и жените и истите да се рефлектираат во локалните политики и буџети.

Социјалната заштита е регулирана со Законот за социјална заштита, кој дефинира систем на мерки, активности и политики за спречување и надминување на основните социјални ризици на кои е изложен граѓанинот во текот на животот за намалување на сиромаштијата, социјалната исклученост и за јакнење на неговиот капацитет за сопствена заштита. Врз основа на правата од социјалната заштита, а под услови утврдени со Законот за социјална заштита се преземаат мерки преку кои се остварува: социјална превенција, вон- институционална и институционална заштита и парична помош од социјалната заштита. Системот за социјална заштита се остварува преку основање на установи за социјална заштита, центри за социјална работа, социјални установи за институционална и вон-институционална заштита. Центрите за социјална работа се јавни установи, со јавни овластувања, за вршење на работите од социјалната заштита. Тие се одговорни за администрација на социјалните парични надоместоци и обезбедување на социјални услуги.

Општините, Градот Скопје и општините во Градот Скопје исто така носат програми за задоволување на потребите на граѓаните од областа на социјалната заштита и овие програми треба да бидат во согласност со Националната програма за развој на социјалната заштита. Тие, исто така, во согласност со нивните можности, можат да утврдуваат и други права во областа на социјалната заштита, права во поголем обем од обемот на правата утврдени со Законот за социјална заштита и поповолни услови за нивно остварување, како и други облици на социјална заштита. Согласно Законот за социјална заштита, општините можат да преземаат мерки преку кои ќе остваруваат социјална превенција, вон- институционална заштита (центри за дневно и привремено прифаќање на ранливите групи корисници вклучувајќи ги и жртвите на семејно насилство, центри за давање помош во домашни услови, советувалишта и мали групни домови), институционална заштита (институции за социјална заштита, освен установа за деца и младинци со воспитно – социјални проблеми и установа за деца и младинци со нарушено поведение), како и да утврдуваат и други права во областа на социјалната заштита.

## VI. Опис на конкретната политика која ќе се анализира во рамките на РОБ

Предмет на анализа за општина Делчево е Програмата за социјална заштита на Општина Делчево за 2021 година. Во таа насока важно е да се утврди како се донесуваат одлуките за избор на приоритетите за поддршка, кој ќе има бенефит од реализација на активноста, како реализацијата на одредени активности ќе го подобри статусот на жените и мажите соодветно, како се определени средствата за реализација, кој ќе ги реализира активностите и соработка на програмата со другите програми и стратегии на локално ниво.

Програмата за социјална заштита на Општина Делчево за 2021 година , Советот на Општина Делчево ја донесе на својата 52 седница, одржана на 28.04.2021 година., објавена во Службен Гласник на Општина Делчево бр.5/2021 и објавена на официјалната веб страна на општината.

Како посебни области на делување , оваа Програма, ги наведува следните:

1-Мапирање на социјалните проблеми на ранливите групи и нивните потреби и тоа : мапирање на проблемите и состојбата на старите лица и пензионерите, состојба на лицата со попреченост/лица со посебни потреби, состојбата со невработените лица, состојба на лицата корисници на права од социјална заштита според евиденцијата во ЈУМЦСР, состојба со број на вработени лица во Општина Делчево;

2-Опис на постоечките социјални услуги во Општина Делчево;

3-Зајакнување на вонинстуционалната заштита преку развивање на постојаните и обезбедување на нови видови социјални услуги согласно со потребите на граѓаните, како и унапредување на начините за обезбедување и нивно достигнување;

4-Анализа на најприсутните социјални ризици во Општина Делчево со посебен осврт на: старост, попреченост, сиромаштија и деца во судир со законот;

5-. Социјална заштита на социјално загрозени семејства и поддршка на НВО;

6- Парична помош и стимулативни мерки за деца, ученици и студенти.

7-Вклучување на невработените лица во Општинско корисна работа(ОКР) и јавни работи;

8-Мерки за справување на Општина Делчево со COVID-19

Согласно наведената програма со која се уредува спроведувањето на социјалната заштита во Општина Делчево предвидено е превземање на следниве мерки и активности:

1. Превентивна заштита за намалување на основните социјални ризици на кои се изложени граѓаните на Општина Делчево,

2.Намалување на сиромаштијата и социјална исклученост,
3.Јакнење на капацитетот на општината и општинската администрација за унапредување на системот за социјална заштита на локално ниво
4.Унапредување на новите социјални услуги за вонинституционална заштита,

**VII. <u>Опфат, корисници, чинители</u>**

Социјалната политика е еден од клучните сегменти преку кој се покажува сензитивноста на државата и локалната заедница кон специфичните потреби на граѓаните. Низ неа се исполнуваат елементарните потреби, но воедно се создава и амбиент за излез, односно надминување на постојната состојба во која се наоѓа граѓанинот.

Поврзувањето на прашањето на родова еднаквост и вклученоста на родовите перспективи во главните текови на животот во локалните заедници претставува многу важен сегмент во остварувањето на социјалните права и различните потреби на жените и мажите.

***Како корисници на социјалната заштита се наведени:***

-стари и изнемоштени лица кои од било кои причини живеат сами,
- лица со попреченост,
- невработени лица кои тешко наоѓаат работа ( ОКР и јавни работи),
- лица и семејства кои се нашле во состојба на материјална загрозеност,
-тешко болни лица и приматели на терапија кои не се во можност финансиски да ги покријат трошоците за лекување,
- поединец или семејство кое се нашло во положба на природна непогода (земјотрес, поплава пожар);
-лица корисници на минимална социјална помош;
-еднократна парична помош за новороденчиња,
-стимулативни мерки (стипендии) за ученици и студенти од материјално загрозени семејства и ученици и студенти кои покажале посебен успех во учењето,
- наградно патување за 10 најдобрите ученици од СОУ „М.М.Брицо„ ,
- парична награда за најдобар ученик/чка ром/ка,
- парична награда за ученици кои постигнале значајни резултати на државни и меѓународни натпревари,
- паричен подарок за секое прваче во учебната 2021/2022,
- средства за превентивни мерки за справување со COVID – 19.

Реализацијата на посебните видови на социјална заштита во самата програма е подделена на три дела:

**А. Социјална заштита на стари и изнемоштени лица, преку социјалната услуга помош и нега во домот**

Бројот на пензионери на територијата на Општина Делчево е вкупно 3589 лица. Од нив 1794 се жени а 1795 мажи. Пензионерите во Делчево се организирани во Здружение на пензионери Делчево во кое здружение функционира и Клуб на пензионери. Здружението на пензионери реализира активности согласно нивната годишна програма, најчесто преку учество на членовите во организација на настани, културно забавни активности, креативни работилници и друго. Во Делчево нема Дом за згрижување на стари и изнемоштени лица а најблиску таков дом има во Берово кој е со ограничен капацитет. Голем дел од пензионерите секојдневно се соочуваат со проблеми од типот на осаменост, изолираност, потешкотии во извршувањето на секојдневните активности во домот.

Според последната евиденција на Здружението на пензионери најголем дел од пензионерите во Делчево се со ниски и просечни пензиски примања. 88 стари лица се без семејна грижа а 12 од нив

се без никакви примања. Бројките се резултат на масовното иселување на младите од општината, по што во многу семејства се останати  само стари, болни и изнемоштени лица, кои неможат за себе да си обезбедат основна социјална и здравствена грижа или неможат сами да ги обавувват основните потреби. Ваквата ситуација, особено влијае на опаѓање на квалитетот на животот на оваа ранлива група, а посебно ранливи се старите лица во руралните средини. *Општина Делчево не успеа да најде официјален податок колку стари лица од Делчево се сместени во старечките домови низ државата но од неофициалните податоци со кои располагаат НВО е дека таа бројка е околу 12*.
Врз основа на повеќе истражувања и анализи спроведени од Општина Делчево а со помош на НВО и здравствените установи на подрачјето на нашата општина, се констатира следната состојба:

- Најголем дел од старите лица имаат пензија (лична, семејна, земјоделска), која им овозможува услови за скромен живот,
- Поголем дел живеат сами (вдовец/вдовица),
- Речиси сите имаат здравствени проблеми ( 90/% ревматски заболувања, 85% кардиоваскуларни заболувања, 38% дијабет и други заболувања),
- Одржувањето на личната хигиена и хигиената во домот , набавката и подготовката на храна им претставува течкотија,
- За посета на лекар и набавка на лекарства во најголем дел се  зависни од друг,

Скоро кај сите преовладува чувството на осаменост, непотребност, отфрленост и страв од заболувања.
**Од тие причини Општина Делчево превзема мерки и активности за пружање на помош и нега на старите и изнемоштените лица во домашни услови, преку тимови на невработени лица кои имаат сертификат за пружање на помош и нега во домот. Најмногу активности се реализирани преку учество на невработените лица во Програмата за општинско корисна работа-грижа за стари и изнемоштени лица. Ангажирани се 14 невработени лица од кои 8 жени и 6 мажи, од нив 6 се роми/ки и 8 македонци/ки.**

***Препорака:*** Во текот на следната година општината ќе направи напори да ги идентификува жените и мажите корисници на пензија и идентификување на потребите за помош на жените и мажите пензионери и соодветно да креира програми за помош.

**Б. Социјална заштита на лица со попреченост, преку услуги во заедницата-дневен центар за лица со посебни потреби**
Во 2021 година Општина Делчево во партнерска соработка со ЗГ „Бравура кооператива„ и ЈУ МЦСР Делчево, отпочна  со реализациа на проектот за услуги во заедницата насловен како Клуб за социјална инклузија „Интегра“  . Проектот Клуб за социјална инклузија „Интегра“  е програма за вклучување на 12 лица со посебни потреби од Општина Делчево, во организирана форма на услуга за рехабилитација, професионална ориентација и социјализација , во рамките на Дневен центар за лица со посебни потреби Делчево. Причините за потребата од проектот Клуб за социјална инклузија „Интегра“   е отсуството на институционални и други алтернативни  форми на услуги за возрасни лица со посебни потреби во Општина Делчево. Проектот е базиран на приоритетите од Акцискиот план за социјална заштита на Општина Делчево во делот  за маргинализирани групи. За овој проект ангажирани се вкупно 5 невработени лица( 2 дефектолози- жени, 1 психолог- жена, 1 негователка на лица со посебни потреби -жена и 1 работен терапевт - маж). Крајните корисници од овој проект се 12 лица со посебни потреби од кои 7 се мажи и 5 жени. Преку Општинско корисна работа во Дневниот центар е ангажирано и 1 лице со посебни потреби , кое ќе има работен ангажман од 9 месеци.

***Препорака:*** Општината ќе направи евалуација на резултатите во соработка со партнерите и ќе се предложат мерки за подобрување на ефектите од програмата. Исто така ќе се испитаат можностите да се обезбеди одржливост на интервенцијата, односно да се обезбеди долгорочна поддршка од страна на општината и другите заинтересирани субјекти (приватни ентитети, НВО, меѓународни донации....и сл.), како и проширување со нови услуги за поддршка на лицата со посебни потреби

**В. Парична помош и обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита за одредени категории на лица**

Основна цел на оваа активност, е согласно надлежноста на општината во областа на социјалната заштита, утврдена во Законот на локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02), како и посебните законски и подзаконски акти во оваа област, општината да им излезе во пресрет на здравствено, финансиски или на друг начин загрозените лица (лица на кои им е потребна хируршка интервенција, тешко болни лица, приматели на терапија, самохрани родители, деца без родители и родителска грижа, семејство кое се нашло во положба на природна непогода , корисници на минимална социјална помош и лица без сретства за егзистенција), кои имаат потреба од социјална заштита, превенција и помош. Паричната помош општината ја доделува врз основа на постапка уредена во Правилникот за утврдување на критериумите, условите и постапката за доделување на еднократна парична помош бр.09-334/1 од 23.02.2018 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување на критериумите, условите и постапката за доделување на еднократна парична помош бр.09-1273/1 од 30.07.2020 година.

| **Корисници на парична помош од општината** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вид на (социјална) помош** | **поднесени барања од мажи** | **поднесени барања од жени** | **ВКУПНО** | единечен износ | вкупен износ за мажи | вкупен износ за жени | **Вкупен износ** |
| парична помош за материјална загрозеност | 17 | 4 | 21 | | 31500 | 6000 | **37500** |
| парична помош за болничко лекување | 69 | 50 | 119 | | 171500 | 119000 | **290500** |
| парична помош за елементарни непогоди | 0 | 0 | 0 | | 0 | 0 | **0** |
| парична помош за смртен случај | 5 | 9 | 14 | | 23000 | 97000 | **120000** |
| одбиени барања | 14 | 7 | 21 | | | | |
| | | | | | | | |
| **ВКУПНО** | 105 | 70 | 175 | | 226000 | 222000 | **448000** |

**В.1.Анализа на потрошените средства за парична помош и обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита за одредени категории на лица**.

За оваа активност исплатени се вкупно 448.000 денари и тоа 226.000 денари по барања поденесени од мажи и 222.000 денари поднесени од жени. Оваа парична помош се исплаќа по разни основи и тоа: парична помош за материјална загрозеност, за болничко лекување, за елементарни непогоди и за смртен случај во семејството. Одбиени се вкупно **21** барање и тоа **14 барања од мажи и 7 барања од жени по основ на непотполна документација или поради веќе извршена исплата по истиот основ**. Барањата за парична помош ги разгледува три члена Комисија составена од административни службеници во општината (2 жени и 1 маж) и тоа според условите и критериумите наведени во Правилникот за утврдување на критериумите, условите и постапката за доделување на еднократна парична помош бр.09-334/1 од 23.02.2018 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување на критериумите, условите и постапката за

доделување на еднократна парична помош бр.09-1273/1 од 30.07.2020 година.(Правилниците се објавени на интернет страната на Општина Делчево).

***Препорака:*** Општината ќе воведе пракса на анализа на одбиените барања и за барањата кои се одбиваат заради непотполна документација ќе воспостави пракса документите кои може да се добијат по службена должност или соработка со државните институции да ги обезбеди општината за да не се изложуваат барателите на дополнителни трошоци.

## Општинско корисна работа и јавни работи за невработените лица

Програмата Општинско –корисна работа има за цел :

**-Да им помогне и да обезбеди социјална вклученост** на лицата кои потешко се вклучуваат на пазарот на трудот преку работно ангажирање со скратено работно време заради стекнување на одредени вештини и нивно постепено вклучување на пазар на труд

**-Да ја зголеми понудата на општински услуги** согласно потребите на населението а кои се во надлежност на локалната самоуправа

**-Во сезонскиот период** кога обемот на работните задачи за одржување на јавните зелени површини и јавните прометни површини (улици) е зголемен, подигање на нови и одржување на постоечките зелните површини во општината, како и изведување на активности на чистење на урбани и рурални средини,се јавува потреба од ангажирање на дополнителен број на работници во Јавното комунално претпријатие а кои се невработени и тешко се снаоѓаат на пазарот на трудот.

За постигнување на напреднаведените цели општината ангажира невработени лица за вршење на општинско корисна работа и изведување на јавни работи:

| Социјална заштита на невработените лица | | | | Одобрени средства | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вид на спонзорства** | **М** | **Ж** | **Вкупно** | **Един.износ(х9 месеци)** | **М** | **Ж** | **Вкупно во ден.** |
| Ангажирани невработени лица во Општинско корисна работа во 2021/22 за грижа на стари лица | 6 | 8 | 14 | 9.000х9 81.000 | 486.000 | 648.000 | **1.134.000** |
| Ангажирани невработени лица во Општинско корисна работа 2021/22 за помош во ОЈУДГ и народната кујна | 0 | 6 | 6 | 9.000х9 81.000 | 0 | 486.000 | **486.000** |
| Ангажирани невработени лица по основ изведување на јавни работи | 23 | 7 | 30 | 9000х10 месеци = 90.000 | 2.070.000 | 630.000 | **2.700.000** |
| **ВКУПНО:** | **29** | **21** | **50** | | **2.556000** | **1.764000** | **4.320000** |

Табеларен приказ на состојбата со невработените лица во Прилог на Анализата.

### В.2. Анализа на потрошените средства за Општинско корисна работа и јавни работи за невработените лица

За оваа активност исплатени се вкупно 4.320.000 денари и тоа за ангажирање на невработени лица преку Општинско корисна работа, исплатени се вкупно 1.620.000 денари а за ангажирање на

невработени лица преку Програмата за изведување на јавни работи исплатени се вкупно 2.700.000 денари.

- Општинско корисна работа: Програмата Општинско корисна работа се финансира од УНДП и Буџетот на Општина Делчево и истата нуди два вида на активности и тоа: ангажирање на невработени лица за грижа и нега на стари лица и ангажирање на невработени лица за помош во ОЈУДГ „Весели цветови„ и народната кујна. За првата активност преку Јавен повик за невработени лица ангажирани се вкупно 14 лица од кои 6 мажи и 8 жени. За втората активност помош во ОЈУДГ „Весели цветови„ и народната кујна ангажирани се вкупно 6 лица и тоа жени. Невработените лица се ангажираат за период од 9 месеци и за ангажманот добиваат по 9.000 денари.
- Програмата за изведување на јавни работи се финансира исклучиво од Буџетот на Општина Делчево и за спроведување на истата во 2021 година ангажирани се вкупно 30 невработени лица и тоа 23 мажи и 7 жени.

***Препорака:*** Општината во текот на објавувањето на огласите за ангажирање на лица за општинско -корисна работа ќе ги поттикне и жените и мажите да конкурираат и за позициите каде има помала застапеност на жени или мажи соодветно. (користење на родово-сензитивен јазик). Исто така, општината ќе воведе и други медиуми/средства (флаери, социјални мрежи, информативни сесии во руралните средини и сл.) за пренесување на информации освен формалното објавување на огласот со цел информацијата да стигне до сите заинтересирани страни, соодветно жени и мажи.

**Г. Детска заштита и стимулативни мерки за ученици и студенти**

Во областа на детската заштита и стимулативните мерки за ученици и студенти Општина Делчево обезбедува парична помош за секое новороденче во општината, стипендии за учениците и студентите кои потекнуваат од социјално загрозени семејства , парични награди за ученици роми, наградно патување за најдобрите ученици, и паричен подарок за секое прваче. Стипендиите се доделуваат врз основа на објавување на Јавен повик објавен од страна на општината, а целата постапка е уредена во Одлуките за доделување на стипендии на ученици и студенти . Постаката за доделување на парична помош за секое новороденче е уредена во Правилникот за утврдување на критериумите, условите и постапката за доделување на еднократна парична помош бр.09-334/1 од 23.02.2018 година. Постапката за доделување на паричните награди за 10 најдобри ученици од СОУ „М.М.Брицо„ Делчево, паричните награди за ученици роми и парична награда за секое прваче е уредена во Правилникот за начинот , условите, кретириумите и постапката за доделување на награди и признанија на Општина Делчево бр.09-166/1 од 30.01.2018 година.

***Врз основа на разговорите со претставници од Општина Делчево, опфатот на корисници на Програмата за социјална заштита за 2021 година е определен врз основа на извештајот за реализација на Програмата за 2020 година.***

Табеларен приказ на корисници на стимулативни мерки за ученици и студенти во 2021 година:

| **Корисници на стимулативни мерки за ученици и студенти од општината и детска заштита** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вид на (социјална) помош** | **поднесени барања од мажи** | **поднесени барања од жени** | **ВКУПНО** | единечен износ | вкупен износ за мажи | вкупен износ за жени | **Вкупен Износ** |
| стипендии за ученици од социјално загрозени семејства | 1 | 9 | 10 | 1000 (x 9 месеци во годината) | 9000 | 81000 | **90.000** |
| стипендии за ученици со просек | 4 | 4 | 8 | 1500 (x9 месеци во годината) | 54000 | 54000 | **108000** |
| стипендии за ученици првенци на генерацијата | | | | | | | |
| стипендии за ученици од ООУ | 1 | 1 | 2 | 2000 (x9 месеци во годината) | 18000 | 18000 | **36000** |
| стипендија за ученик од СОУ | 0 | 1 | 1 | 3000 (x9месеци во годината) | 0 | 27000 | **27000** |
| стипендии за студенти од социјално загрозени семејства | 0 | 0 | 0 | 2000(x9 месеци во годината) | 0 | 0 | **0** |
| стипендии за студенти со просек | 0 | 7 | 6 (1 одбиено) | 3500 (x 9 месеци во годината) | 0 | 189000 | **189000** |
| парична награда за 10 најдобри ученици | 0 | 10 | 10 | 20000 | 0 | 200000 | 200000 |
| парична награда за најдобри ученици роми | | | | | | | |
| парична награда за најдобри ученици роми во ООУ | 1 | 1 | 2 | 5000 | 5000 | 5000 | 10000 |
| парична награда за најдобар ученик ром во СОУ | 1 | 0 | 1 | 10000 | 10000 | 0 | 10000 |
| Парична помош за првачиња | 69 | 46 | 115 | 3000 | 207000 | 138000 | 345000 |
| Парична помош за новороденчиња | 0 | 66 | 66 | 3000 | 0 | 198000 | 198000 |
| **ВКУПНО** | **77** | **79** | **156** | | **303000** | **910000** | **1213000** |

Табела со податоци од ОЈУДГ „Весели цветови „ Делчево

| **ОЈУДГ „Весели цветови„ Делчево** | | | |
|---|---|---|---|
| **Запишани деца во 2021 година** | | | |
| Возраст | **М** | **Ж** | **ВКУПНО** |
| до 3 години | 47 | 50 | 97 |
| од 3 до 6 години | 109 | 104 | 213 |
| **ВКУПНО** | 156 | 154 | 310 |
| **Вработени во ОЈУДГ** | **М** | **Ж** | **ВКУПНО** |
| Административни Службеници | / | 3 | 3 |
| Техничка Служба | 5 | 5 | 10 |
| Носители на дејност | 1 | 32 | 33 |
| Директор | / | 1 | 1 |
| Вработени преку АПВ | / | / | / |
| **ВКУПНО** | 6 | 41 | 47 |

**Г.1. Анализа на потрошените средства за детска заштита и стимулативни мерки за ученици и студенти**

За детска заштита и стимулативни мерки за ученици и студенти исплатени се вкупно 1.213.000 денари и тоа 303.000 денари по барања на 77 мажи/момчиња и 910.000 денари по барања од 79 жени/девојчиња. Исплатата за оваа активност е извршена по следните основи: стипендии за ученици од социјално загрозени семејства, стипендии за ученици со просек, стипендии за ученици првенци на генерацијата, стипендии за студенти од социјално загрозени семејства, стипендии за студенти со просек, парична награда за 10 најдобри ученици од СОУ, парична награда за најдобри ученици роми од ООУ и СОУ, парична награда за секое прваче и парична награда за секое новороденче. Стипендиите за ученици и студенти се доделуваат со објавување на Јавен повик врз основа на:

- Одлука за доделување на стипендии на одлични ученици во СОУ „М.М.Брицо„ Делчево, бр.09-1723/1 од 27.10.2020 („Сл.гласник на Општина Делчево„ 17/20),
- Одлука за доделување на стипендии на ученици во СОУ М.М.Брицо Делчево кои постигнале особено висок успех во учењето, бр.09-1724/1 од 27.10.2020(„Сл.гласник на Општина Делчево„ 17/20),
- Одлука за доделување на стипендии на ученици прогласени за првенци на генерацијата во општинските училишта, бр.09-948/1 од 27.05.2021 („Сл.гласник на Општина Делчево„ бр.6,21),
- Одлуката за доделување на стипендии за студенти кои студираат на државните универзитети во Република Северна Македонија бр.09-2225/1 од 15.11.2021 година

Барањата за доделување на стипендија ги разгледува Комисија составена од членови на Советот, општинска администрација и претставници од училиштето о тоа од 3 жени и 2 мажи.

Паричните награди (парична награда за 10 најдобри ученици од СОУ, парична награда за најдобри ученици роми од ООУ и СОУ, парична награда за секое прваче и парична награда за секое новороденче) се доделуваат врз основа на Правилникот за начинот , условите, кретириумите и постапката за доделување на награди и признанија на Општина Делчево бр.09-166/1 од 30.01.2018 година. За доделување на наградите се донесува Решение од Градоначалникот.

Според извештајот, во 2021 год. поднесени се 66 барања за еднократна парична помош за новороденче и сите се одобрени. Барањата се поднесени од страна на 64 мајки и тоа: 56 македонки, 2 албанки, 2 турчинки и 4 ромки. Вкупен број на новороденчиња 66 од кои 34 се машки и 32 се женски. За секое новороденче Општина Делчево доделува еднократна парична помош во износ од 3.000 денари.

***Препорака:*** Врз основа на извештајот и евидентните разлики во успехот помеѓу женските и машките ученици, општината за следната година ќе направи анализа на поднесените барања и ќе организира дополнителни состаноци со училиштата за превземање на мерки за надминување на родовиот јаз во успехот. Како прв чекор ќе биде барања до училиштата за среден просек по години на девојчињата/момчињата по што ќе се организираат средби со училиштата за можностите за преземање на дополнителни мерки.

Табеларен приказ на бројноста на ученици и вработени лица во ООУ

| **Име на училиште** | ООУ "Ванчо Прке" | | | ООУ "Св.Климент Охридски" | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на запишани деца во ЦОУ | **М** | **Ж** | **Вкупно** | **М** | **Ж** | **Вкупно** |
| Одделение | | | | | | |
| I | 28 | 19 | 47 | 27 | 17 | 44 |
| II | 19 | 18 | 37 | 17 | 28 | 45 |
| III | 21 | 29 | 50 | 18 | 12 | 28 |
| IV | 28 | 28 | 56 | 23 | 21 | 44 |
| V | 17 | 25 | 42 | 21 | 28 | 49 |
| VI | 37 | 26 | 63 | 21 | 30 | 51 |
| VII | 29 | 28 | 57 | 22 | 15 | 37 |
| VIII | 36 | 36 | 72 | 20 | 17 | 37 |
| IX | 27 | 22 | 49 | 13 | 30 | 43 |
| **ВКУПНО** | **242** | **231** | **473** | **180** | **198** | **378** |
| Број на запишани деца во ПОУ | **М** | **Ж** | **Вкупно** | **М** | **Ж** | **Вкупно** |
| Одделение | | | | | | |
| I | 5 | 5 | 10 | 9 | 5 | 14 |
| II | 2 | 4 | 6 | 8 | 10 | 18 |
| III | 2 | 4 | 6 | 8 | 4 | 12 |
| IV | 2 | 1 | 3 | 10 | 4 | 14 |
| V | 0 | 3 | 3 | 13 | 5 | 18 |
| VI | 0 | 0 | 0 | 3 | 9 | 12 |
| VII | 0 | 0 | 0 | 4 | 8 | 12 |
| VIII | 0 | 0 | 0 | 9 | 5 | 14 |
| IX | 0 | 0 | 0 | 0 | 9 | 9 |
| **ВКУПНО** | **11** | **17** | **28** | **64** | **59** | **123** |
| **ВКУПНО во ООУ** | **253** | **248** | **501** | **246** | **261** | **507** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Стручни соработници | 1 | 2 | 3 | 1 | 3 | 4 |
| Наставен кадар | 20 | 38 | 58 | 31 | 58 | 89 |
| Административни работници | 1 | 2 | 3 | 0 | 4 | 4 |
| Директор | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 |
| Техничка служба | 11 | 4 | 15 | 12 | 6 | 18 |
| **ВКУПНО** | 34 | 46 | 80 | 72 | 43 | 118 |

Табеларен приказ на бројноста на учениците во СОУ М.М.Брицо

| **Име на училиште** | СОУ М.М.Брицо | | |
|---|---|---|---|
| Број на запишани ученици во гимназиско образование | **М** | **Ж** | **Вкупно** |
| Клас | | | |
| I | 20 | 54 | 74 |
| II | 33 | 46 | 79 |
| III | 47 | 48 | 95 |
| IV | 36 | 53 | 89 |
| **ВКУПНО** | 136 | 201 | 337 |
| Број на запишани ученици во стручно образование | **М** | **Ж** | **Вкупно** |
| Клас | | | |
| I | 31 | 6 | 37 |
| II | 10 | 1 | 11 |
| III | 11 | 4 | 15 |
| IV | 9 | 4 | 13 |
| **ВКУПНО** | 61 | 15 | 76 |
| **ВКУПНО ученици во СОУ** | **197** | **216** | **413** |
| **Вработени во СОУ** | | | |
| Стручни соработници | / | 4 | 4 |
| Наставен кадар | 14 | 38 | 52 |
| Административни работници | 2 | 2 | 4 |
| Директор | 1 | | 1 |
| Техничка служба | 6 | | 6 |
| **ВКУПНО** | **23** | **44** | **67** |

***Препорака:*** Имајќи предвид дека побарувањата на пазарот на труд се однесуваат претежно на стручни вештини, во соработка со средните стручни училишта ќе се организираат презентации на програмите на деветоodeленците заедно со нивните родители за предностите од запишување на девојчиња во средно стручно училиште.

**Споредбено движење на податоците со бројот на ученици во изминатите години**

| | Учебна година | | | |
|---|---|---|---|---|
| Училиште | 2010/2011 | 2011/2012 | 2012/2013 | 2013/2014 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ООУ „Ванчо Прке„ | Првачиња: 81<br>Вкупно: 650 | Првачиња: 64<br>Вкупно: 627 | Првачиња: 69<br>Вкупно: 599 | Првачиња: 68<br>Вкупно: 617 |
| ООУ „Св.Климент Охридски„ | Првачиња: 80<br>Вкупно: 750 | Првачиња: 61<br>Вкупно:714 | Првачиња: 83<br>Вкупно: 714 | Првачиња: 61<br>Вкупно:686 |
| **ВКУПНО:** | **Првачиња: 161**<br>**Вкупно: 1400** | **Првачиња: 125**<br>**Вкупно:1341** | **Првачиња: 152**<br>**Вкупно: 1313** | **Првачиња: 129**<br>**Вкупно: 1303** |
| СОУ „М.М.Брицо„ | I година:135<br>Вкупно: 567 | I година:121<br>Вкупно: 526 | I година:136<br>Вкупно: 510 | I година: 119<br>Вкупно: 490 |
| | | | | |

| | Учебна година | | | |
|---|---|---|---|---|
| Училиште | 2014/2015 | 2015/2016 | 2016/2017 | 2017/2018 |
| ООУ „Ванчо Прке„ | Првачиња: 77<br>Вкупно: 614 | Првачиња: 69<br>Вкупно: 607 | Првачиња: 79<br>Вкупно: 620 | Првачиња:63<br>Вкупно:600 |
| ООУ „Св.Климент Охридски„ | Првачиња: 65<br>Вкупно: 655 | Првачиња: 52<br>Вкупно:596 | Првачиња: 64<br>Вкупно: 592 | Првачиња:66<br>Вкупно: |
| **ВКУПНО:** | **Првачиња:142**<br>**Вкупно: 1269** | **Првачиња:121**<br>**Вкупно: 1203** | **Првачиња:143**<br>**Вкупно: 1212** | **Првачиња:129**<br>**Вкупно: 1052** |
| СОУ „М.М.Брицо„ | I година:98<br>Вкупно: 448 | I година:104<br>Вкупно: 432 | I година:71<br>Вкупно: 383 | I година: 86<br>Вкупно:390 |

| | Учебна година | | | |
|---|---|---|---|---|
| Училиште | 2018/2019 | 2019/2020 | 2020/2021 | 2021/2022 |
| ООУ „Ванчо Прке„ | Првачиња: 63<br>Вкупно: 560 | Првачиња: 58<br>Вкупно: 573 | Првачиња: 43<br>Вкупно: 529 | Првачиња:57<br>Вкупно: 501 |
| ООУ „Св.Климент Охридски„ | Првачиња: 62<br>Вкупно: 557 | Првачиња: 36<br>Вкупно:515 | Првачиња: 66<br>Вкупно: 525 | Првачиња:58<br>Вкупно: 507 |
| **ВКУПНО:** | **Првачиња:125**<br>**Вкупно: 1117** | **Првачиња:121**<br>**Вкупно: 1088** | **Првачиња: 109**<br>**Вкупно: 1052** | **Првачиња:115**<br>**Вкупно: 1008** |
| СОУ „М.М.Брицо„ | I година:39<br>Вкупно: 371 | I година: 107<br>Вкупно: **374** | I година: 91<br>Вкупно: **400** | I година: 111<br>Вкупно: 413 |

**Д. Трансфери/спонзорства за НВО и Спортски клубови**

Општина Делчево од сопствениот Буџет обезбедува парични средства/спонзорства за НВО и Спортските клубови. Постапката за доделување на средства на Спортските клубови ја спроведува Комисијата за спорт составена исклучиво од членови на Советот на Општина Делчево. Комисијата за спорт објавува Јавен повик во кој се утврдени критериумите за доделување на спонзорства . По завршување на постапката за избор, Општина Делчево потпишува договор со овластените претставници на НВО и Спортските клубови. По тој основ доделени се средства со следните износи:

| Трансфери и спонзорства на НВО и спортски клубови | | | | Одобрени средства | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вид на спонзорства | М | Ж | ВКУПНО | М | Ж | Вкупно во ден. |
| Трансфери за правни лица , здруженија на граѓани и други НВО(спонзорство) | 5 | 1 | 6 | 210.000 | 70.000 | 280.000 |
| Трансфери за спортски клубови | 7 | 1 | 8 | 610.000 | 60.000 | 670.000 |
| **ВКУПНО:** | **12** | **2** | **14** | **820.000** | **130.000** | **950.000** |

**Д.1. Анализа на потрошени пари за трансфери/спонзорства за НВО и Спортски клубови**

За оваа ставка од Програмата исплатени се вкупно 950.000 денари од кои за трансфери на правни лица, здруженија на граѓани и други НВО одобрени се вкупно 280.000 денари од кои 210.000 на НВО чии овластени лица се мажи(вкупно 5) и 70.000 денари на НВО чии овластени лица се жени (вкупно 1), а за транфери за спортски клубови одобрени се вкупно 670.000 денари од кои 610.000 на спортски клубови чии овластени лица се мажи(вкупно 7) и 60.000 денари на спортски клубови чии овластени лица се жени (вкупно 1). Средствата за НВО и спортските клубови се доделуваат со објавување на Јавен повик а врз основа на Правилникот за условите, начинот и постапката за доделување на финансиска помош на спортски клубови, спортски здруженија, правни лица во областа на спортот и здруженија на граѓани 09-333/1 од 23.02.2018 година. Барањата поднесени од НВО ги разгледува 5 члена Комисија составена од 2 членови на Советот и 3 административни службеници од Општина Делчево и тоа 3 жени и 2 мажи, додека барањата од спортските клубови ги разгледува Комисијата за спорт составена исклучиво од членови на Советот и тоа 3 мажи и 2 жени.

***Препорака:*** Општината во соработка со спортските клубови кои добиваат поддршка од општината, ќе направи анализа на корисници на доделената помош,и анализа на потреби на потенцијални корисници и ќе ги прилагоди соодветно програмите со цел да бидат користени од страна на двата пола. Исто така, општината може да воведе дополнителна ставка во рамките на оваа програма за обезбедување на парична помош на новоформирани женски клубови во спортовите каде жените се помалку застапени, а врз оснона на податоците од анализата.

**Оперативен план за справување со Корона вирус COVID – 19 (средства за дезинфекција, заштитна опрема и химанитарни пакети)**

За оваа ставка од Програмата одобрени се вкупно 296.000 денари наменети исклучиво за справување со COVID кризата и тоа за: дезинфекција на работни простории во Општина Делчево,ул.Светозар Марковиќ бр 1 Општина Делчево,ул.М.М.Брицо бр.40 ТППЕ ул.Светозар Марковиќ бб, дезинфекција на улици , градски пазар и јавни површини, дезинфеција на влезови на банки,училишта, маркети,мали продажни продавници,бутици,продавници во Централно градско подрачје, набавка на средства за дезинфекција на раце (гелови), набавка на ракавици и скафандери, набавка и поставување на канистри за дезинфикциони средства и поставување на заштитници во Општински Центар за услуги, набавка на рачни пумпи за дезинфекција, набавка на пакети за хигиена за семејства со социјален ризик и набавка на пакети за храна за семејства од социјален ризик.

**Ѓ. Буџетска анализа ( Вкупната вредност на основниот Буџет на Општина Делчево за 2021 година изнесува 109.541.856 денари)**

Вкупната вредност на Програмата за остварување на социјална и детска заштита на општина Делчево 2021 година изнесува **7.227.000 денари ( 6,59 % од вкупниот буџет на општината)** при што за **Парична помош и обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита за одредени категории на лица 448.000 денари (7.225 евра) и изнесува 0,4 % од вкупниот буџет на општината за 2021 година,** за **Општинско корисна работа и јавни работи за невработените лица 4.320.000 денари (69.677 евра) и изнесува 3,94 % од вкупниот буџет на општината за 2021 година,** за **Детска заштита и стимулативни мерки за ученици и студенти 1.213.000 денари (19.564 евра) и изнесува 1,1 % од вкупниот буџет на општината за 2021 година, за Трансфери/спонзорства за НВО и Спортски клубови 950.000 денари (15.320 евра) и изнесува 0,86 % од вкупниот буџет на општината за 2021 година, Оперативен план за справување со Корона вирус COVID – 19 , потрошени се вкупно 296.000 денари (4774 евра) и изнесува 3,1 % од вкупниот буџет на општината за 2021 година.**

## Графички приказ на средствата предвидени за Програмата за социјална заштита на Општина Делчево за 2021 година во однос на вкупниот Буџет на Општина Делчево за 2021




**Приказ на Програмата за социјална заштита за 2021 година, по ставки:**

| Ред.бр. | Активност | Период на реализација во 2021 | Потрошени средства во денари | Ставка од Буџетот |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Парична помош и обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита за одредени категории на лица** | Континуирано во текот на целата година | 420.500 | 471160 |
| 2. | **Општинско корисна работа и јавни работи за невработените лица** | Од Јануари до Ноември 2021 | 4.320.000 | 425990 |
| 3. | **Детска заштита и стимулативни мерки за ученици и студенти** | Континуирано во текот на целата година | 1.213.000 | 471230<br>464990 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4. | **Трансфери/спонзорства за НВО и Спортски клубови** | Континуирано во текот на целата година | 950.000 | 463110<br>463120 |
| 5. | **Оперативен план за справување со Корона вирус COVID – 19 (средства за дезинфекција, заштитна опрема и химанитарни пакети)** | Континуирано во текот на целата година | 296.000 | 423710 |

ПРИЛОГ 1

**Табела со податоци за корисниците на помош и услуги од ЈУ МЦСР Делчево(само за жители на Општина Делчево)**

| **Корисници на помош и услуги од ЈУ МЦСР Делчево** | | | |
|---|---|---|---|
| **Вид на (социјална) помош** | **М** | **Ж** | **ВКУПНО** |
| **Поднесени и уважени барања во 2021 година по основ:** | | | |
| Социјална парична помош ГМП | 50 | 13 | 63 |
| ПП на лице кое до 18 години возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа | 1 | 0 | 1 |
| Право на парична помош за студирање | 1 | 0 | 1 |
| Право на парична помош за згрижувач | 1 | 0 | 1 |
| Паричен надоместок за помош и нега од друго лице | 195 | 150 | 345 |
| Еднократна марична помош и помош во натура | 7 | 5 | 12 |
| Надоместок на плата за скратено работно време поради нега на дете со телесни или ментални пречки во развојот | 0 | 1 | 1 |
| Право на додаток за мобилност | | | **20** |
| Право на додаток за слепило | | | |
| Право на додаток за глувост | | | |
| Парична помош за социјално домување | 0 | 0 | 0 |
| Право на здравствена заштита | 3 | 10 | 13 |
| Право на ПП на самохран родител кој има дете со пречки во развојот | 0 | 0 | 0 |
| Право на надоместок на трошоци за сместување на лицето и надоместок за згрижување | 0 | 1 | 1 |
| Условен паричен надоместок | 0 | 141 | 141 |
| Цивилна инвалиднина | 0 | 0 | 0 |
| Детски додаток | 12 | 100 | 112 |
| Посебен додаток | 2 | 5 | 7 |
| Родителски додаток | 0 | 0 | 0 |
| Еднократна парична помош за новороденче | 57 | 46 | 103 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Право на народна кујна | 5 | 7 | 12 |
| **Предмети во 2021 по основ** | **М** | **Ж** | **ВКУПНО** |
| Бракоразводи | | | 32 |
| Лица со нарушени брачни/семејни односи | | | 19 |
| Дете на кое му се уредуваат односите со родителот со кој живее и со блиски сродници | 9 | 7 | 16 |
| Вонбрачно доверување на дете | 0 | 0 | 0 |
| Малолетно лице кое сака да стапи во брак пред полнолетство | 0 | 2 | 2 |
| Жртва на семејно насилство | 4 | 5 | 9 |
| Сторител на семејно насилство | 3 | 4 | 7 |
| Дете без родители и родителска грижа | 1 | 0 | 1 |
| Дете со пречки во менталниот развој и телесна попреченост | 6 | 11 | 17 |
| Дете во ризик | 7 | 1 | 8 |
| Дете во судир со законот | 2 | 1 | 3 |
| Малолетно лице под старателство | 0 | 1 | 1 |
| Надзор над вршење на родителско право | 2 | 0 | 2 |
| Одземање на родителско право | 0 | 0 | 0 |
| Посвојување | 0 | 0 | 0 |
| Полнолетно лице со пречки во менталниот развој и телесна попреченост | 3 | 7 | 10 |
| Старателство на лице со целосно одземена деловна способност | 9 | 5 | 14 |
| Старателство на лице со делумна одземена деловна способност | 0 | 1 | 1 |
| Старателство на возрасно лице за посебен случај | 2 | 2 | 4 |
| Лице кое употребува, односно злоупотребува дрога и други психотропни супстанци | 0 | 0 | 0 |
| | | | |
| Лице кое злоупотребува алкохол | 0 | 0 | 0 |
| Возрасно лице со изречена алтернативна мерка | 0 | 0 | 0 |
| Возрасно лице по издржување на казна затвор | 8 | 1 | 9 |
| Лице жртва на трговија со луѓе | 0 | 0 | 0 |
| Бездомно лице | 0 | 0 | 0 |
| Старо лице сместено во дом за стари лица | 0 | 0 | 0 |
| Лице азилант | 0 | 0 | 0 |
| Носител на згрижувачко семејство | 0 | 0 | 0 |
| Советувалиште за брак и семејство | 0 | 0 | 0 |
| Други услуги што ги обезбедува ЦСР | 0 | 0 | 0 |

Според табелата, мажите имаат поголема потреба од социјална помош и нега од друго лице. Анализа на корисниците по старосна структура треба да помогне на програмата за нега во домашни услови и другите видови на помош од страна на општината.

Интересен е податокот дека се појавува скоро изедначен број на жени и мажи и на жртви и сторители на семејно насилство. Ова укажува дека треба да се размисли за посебни мерки и превенција на семејно насилство и од страна на жените и од страна на мажите.
Но од друга страна носители на правото на ГМП се повеќе мажи во однос на жените (50 мажи наспроти 13 жени).

**Изготвил: Сузана Петровска**
**Координаторка за еднакви можности на жените и мажите во Општина Делчево**

ПРИЛОГ 2. Табеларен приказ на состојбата со невработените лица

| | **вкупно невработени** | | | | **до 29 години** | | | | **од 30-39** | | | | **од 40 до 49** | | | | **над 50** | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **пол** | **МК** | **роми** | **други** | **пол** | **МК** | **роми** | **други** | **пол** | **МК** | **роми** | **други** | **пол** | **МК** | **роми** | **други** | **пол** | **МК** | **роми** | **други** |
| **Високо образование** | ж | 63 | 0 | 0 | ж | 24 | 0 | 0 | ж | 30 | 0 | 0 | ж | 4 | 0 | 0 | ж | 15 | 0 | 0 |
| | м | 39 | 0 | 0 | м | 10 | 0 | 0 | м | 13 | 0 | 0 | м | 6 | 0 | 0 | м | 10 | 0 | 0 |
| **вишо образование** | ж | 5 | 0 | 0 | ж | 1 | 0 | 0 | ж | 0 | 0 | 0 | ж | 0 | 0 | 0 | ж | 4 | 0 | 0 |
| | м | 9 | 1 | 0 | м | 1 | 0 | 0 | м | 2 | 0 | 0 | м | 0 | 0 | 0 | м | 4 | 0 | 0 |
| **средно образование** | ж | 249 | 7 | 2 | ж | 70 | 1 | 2 | ж | 41 | 3 | 0 | ж | 35 | 3 | 0 | ж | 103 | 0 | 0 |
| | м | 258 | 11 | 3 | м | 89 | 2 | 1 | м | 44 | 7 | 2 | м | 33 | 2 | 0 | м | 92 | 0 | 0 |
| **основно образование** | ж | 399 | 43 | 13 | ж | 22 | 9 | 4 | ж | 48 | 8 | 5 | ж | 83 | 13 | 2 | ж | 246 | 24 | 2 |
| | м | 503 | 48 | 2 | м | 20 | 4 | 0 | м | 61 | 4 | 1 | м | 120 | 15 | 1 | м | 302 | 25 | 0 |
| **магистри** | ж | 2 | 0 | 0 | ж | 1 | 0 | 0 | ж | 1 | 0 | 0 | Ж | 0 | 0 | 0 | ж | 0 | 0 | 0 |
| | м | 2 | 0 | 0 | м | 1 | 0 | 0 | м | 1 | 0 | 0 | м | 0 | 0 | 0 | м | 0 | 0 | 0 |